


*Датум: 08.03.2013, 16:32*

Ми се допаѓа 0

1.000 ГОДИНИ ОД БИТКАТА НА БЕЛАСИЦА

# САМУИЛОВИТЕ ВОЈНИЦИ ГЛЕДААТ ВО АТЕЛЈЕТО НА ИЛИЈА АЏИЕВСКИ



Верувам дека ќе има согласност делото за ова потресно злосторство, илјада години по неговото случување, да не остане само празна приказна, речена некојпат во некое ателје, вели 87-годишниот скулптор за своето ново дело

Весна И. Илиевска

Највредно во животот е човек од себе да создаде слободна личност, затоа што слободата му овозможува моќ во неговото творештво. Со оваа реченица скулпторот Илија Аџиевски ја завршува својата книга „Мојот пат во уметноста", промовирана неодамна во Македонската академија на науките и уметностите.

Овие зборови, искажани на симпатичен, струшки говор, стануваат јаве кога ќе фрлите поглед на новото дело на Аџиевски - споменик на ослепените Самуилови војници. Си велите, навистина слободен дух и моќно творештво.

Поставени на кружна основа во ателјето во скопската населба Водно, петнаесеттемина војници, ослепени, доживотно казнети, осакатени, оставени сами, со стапови да си го најдат патот до дома, предизвикуваат кострешење. Преполовени тела, трупови на кои им се гледаат ребрата, луѓе со кренати раце и неприродно зголемени прсти на нив, како да се трудат да го сопрат мачењето, да се одбранат. Централен лик во композицијата е мачителот, византискиот цар Василиј Втори, човекот кој го нарачал злосторството. Има две лица, симболична претстава на лицемерството, кое секогаш и се припишувало на византиската практика на владеење. В раце држи канџи како метафора за трагедијата што ја предизвикал.

Проектот, сега изработен во глина, се реализира една година пред да истече милениумот од ослепувањето на Самуиловите војници. Ова е ново дело на 87-годишниот Аџиевски.

- Би бил многу среќен кога би го видел како монументално дело, поставено на видно место, за да потсетува за оваа страшна трегедија на македонскиот народ - вели скулпторот.

Епизодата со ослепените Самуилови војници е веројатно една од најдраматичните во историјата на воените злосторства и трауми.

На Беласица, арената на оваа неславна битка, пресудна во повеќегодишните судири меѓу Васили Втори и царот Самуил, е испишана хронологијата на настанот, во кој по наредба на византискиот владетел биле ослепени 15 илјади војници. Секој стоти останал едноок за да ги одведе ослепените во Прилеп кај Самуил.

- Човештвото не памети такво монструозно дело. Да осакатиш, да ослепиш 15.000 млади луѓе?! Тоа е страшно! Тоа биле наши луѓе. Горе-долу знам што значи страдање. Меѓутоа, овој садизам не ми беше познат. Страшна работа. Замислете си 14-15 илјади луѓе да се ослепени и да се пуштат слободни да одат... Каде да одат? Во самоубиство, во тешко самоубиство. Секој ден, честопати и ноќе, ја доживував оваа трагедија. Не на еден човек, туку на 15.000 луѓе! Шест години дење-ноќе живеев со нив, работев на ова дело. С` е во прилог на трагедијата на човекот, на војникот на Самуил. И порозноста на материјалот, и сивкастата боја... Би сакал секоја поединечна статуа да се види, да се разгледа и да се сознае како овие 15 статуети на Самуиловите војници ја носат трагедијата на 15-те илјади ослепени војници - го објаснува Аџиевски своето дело.

**Око што мисли**

Емил Алексиев, историчар на уметноста и поранешен директор на Музејот на современата уметност, вели дека овој вид скулптура и Аџиевски, како автор, дефинитивно бараат око што мисли.

- На оваа композиција не треба само да ~ се пријде како кон артефакт, туку треба многу внимателно да се разгледува. Верувам дека сега перцепцијата е осиромашена затоа што е изработена во гипс, но сето тоа што е направено е многу рафинирано, нежно и суптилно. Кога би го виделе во димензии од 4 до 5 метри, какви што би требало да бидат скулптурите, би имале сосема друг впечаток. Замислете ги во монументален аспект?! Тоа би бил сосема друг впечаток, центар околу кој се случува драма! Замислете целиот овој простор, овој круг, кој го затвора композицијата, да биде исполнет со, да кажеме, коски, остатоци од трупови и слично, како што е веќе индуцирано! Ова треба да се изгради, дефинитивно - вели Алексиев.

НАЈНОВИ ВЕСТИ


Прв пат финале во ЛШ ќе се игра на „покриен" стадион, се стравува од дронови


Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара


Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот


Концерт на култните „Лачни Франз" на платото пред МОБ


Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
61,364 likes
Like Page
Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја
- Болни амбиции и државно раскрчмување
- Загадување посилно од судбината
- Фашистички калифат
- Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

Според Аџиевски, оваа композиција спаѓа меѓу ретките воопшто во скулптурата, а нејзината посебност е во приближувањето на мислата, материјалот и на бојата. Има доволно простор, луѓе-страдалници, за да можат да ја кажат големата трагедија.

- Василиј Втори го имам дадено во злато. Тоа е голем цар, византиски, но нема атрибути на цар, туку на злосторник оти во двете раце држи канџи со кои ги вадел очите на Самуиловите војници. Јас сум потомок на Самуила, на неговите војници. По 1.000 години, јас сум жив и со ова и Самуил е жив и неговите војници, исто така. И по 1.000 години ние допираме до оваа голема тага. Помина огромно време, но болката е жива, нема временска дистанца. Дај Боже, вечно да остане како опомена дека овој народ опстојувал и ќе опстојува - вели авторот.

Писателот Горјан Петревски уште од младоста му се воодушевувал на делото на Аџиевски.

- Ме воодушевува еланот со кој работи на оваа возраст. Секогаш сум го чувствувал млад. Тој никогаш не запира. Секогаш знае да изненади со ново дело - вели Петревски.

**Како античка трагедија**

Според поетот Ефтим Клетников, новото дело на Аџиевски е возбудлива композиција, работена во експресионистички манир.

- Една наша култна историска трагедија, која ни го обележува битието, веројатно не е лесно да се реализира уметнички токму поради таа преголема трагичност. Илија направил композиција од скулптури, кои како да се извлечени од античките трагедии на Софокле, Еврипид, Есхил... Како да го поттикнуваат небото да го објасни тој проклетник на македонската судбина - вели Клетников.

Скулпторот вели дека за реализација на идејата не е битен материјалот - дали е глина, гипс или дрво.

- Би било добро композицијата да е на убав простор. И да не е само за себе, туку во комуникација со луѓе. Белки ова не ќе остане празна приказна, речена некојпат во некое ателје - вели скулпторот.

#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.


## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Политичарите и новинарите ќе се срамат од блиските пријателства
- Робинзон Крусо живее во Грешница
- Локалната страна на регионалниот немир
- Народот, сепак, знае



**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

0994

КОМЕНТИРАЈ





АНТЕНА >>



ПУБЛИКА >>



ЗДРАВЈЕ >>